# SE 3 Compact
# SE 3 Compact Home
# SE 3 Compact Home Floor

Македонски 5




Register
your product
www.kaercher.com/register

59512470 (06/25)


A
1
2
3
4
5
6
7
8
9
10
KÄRCHER
11
12
13
14
15
16


B
2.
CLICK
1.
1.
2.


C
CLICK
CLICK
1.
2.
1.
2.


D
CLICK
1.
2.


E
CLICK
1.
2.


F
CLICK
1.
2.


G
CLICK
1.
2.


H
1.
2.
3.
RM 519
4.
MAX
1.7 L


I
1.
2.


J
3.
2.
RM 519
1.
MAX
1.7 L


K
1.
1.
2.
3.
4.
RM 519
MAX
1.7 L


L
1.
2.


M
O
I


N


O
2.
1.


P


Q
O
I


R
2.
1.
MAX
1.7 L
5.
4.
ON
3.


S
2.
1.


T
1.
2.


U
1.
1.
2.
3.


V
4.
3.
1.
2.
5.


W
1.
1.
2.
3.


X
1.
2.


Y
1.
3.
2.

# Содржина


| | |
|---|---|
| Општи напомени........................................... | 5 |
| Наменета употреба........................................ | 5 |
| Заштита на животната средина...................... | 5 |
| Оддел за грижа за корисници ........................ | 5 |
| Додатоци и резервни делови.......................... | 5 |
| Опсег на испорака........................................... | 6 |
| Гаранција.......................................................... | 6 |
| Симболи на уредот.......................................... | 6 |
| Опис на уредот................................................. | 6 |
| Прво вклучување на уредот.............................. | 6 |
| Работење .......................................................... | 7 |
| Транспортирање............................................... | 8 |
| Грижа и сервисирање....................................... | 8 |
| Водич за решавање проблеми......................... | 9 |
| Технички податоци.......................................... | 9 |


# Општи напомени

Пред првата употреба прочитајте ги овие оригинални упатства за работа и приложените безбедносни упатства.

Постапете во согласност со нив.

Чувајте ги и двете брошури за понатамошна употреба или за следните сопственици.

- Ако не се почитуваат упатствата за употреба или безбедносните упатства, уредот може да се оштети и може да произлезат опасности за корисниците и за други лица.
- Во случај на оштетување при испораката веднаш известете го дистрибутерот.
- При распакување на содржината на пакетот веднаш проверете да не недостасува некој додаток и да не има оштетување на уредот.

# Наменета употреба

Уредот користете го само во приватни домаќинства.

Уредот е наменет за употреба како уред за чистење со прскање и вшмукување за чистење на внатрешност на автомобили, текстилни тапацири и теписи во согласност со описите дадени во овие упатства за работа и безбедносни упатства.

# Заштита на животната средина

Материјалот од амбалажата може да се рециклира. Ве молиме исфрлете ја амбалажата во согласност со прописите за заштита на животната средина.

Електричните и електронските уреди содржат вредни материјали што можат да се рециклираат, а често и делови како што се батерии, батерии што можат да се полнат или масло, кои доколку со нив се ракува несоодветно или неправилно се фрлат, можат да претставуваат опасност за човековото здравје и животната средина. Сепак, овие делови се потребни за правилна работа на уредот. Уредите што се означени со овој симбол не смеат да се исфрлат заедно со обичното домашно ѓубре.

**Напомени за состојките (REACH)**

Ажурирани информации за состојките можете да најдете на: *www.kaercher.de/REACH*

# Оддел за грижа за корисници

Нашата локална KÄRCHER подружница со задоволство ќе Ви помогне ако имате било какви прашања или проблеми со уредот.

# Додатоци и резервни делови

Користете само оригинални додатоци и оригинални резервни делови. Тие осигуруваат безбедна работа и работење на уредот без проблеми. Информации за додатоци и резервни делови можете да најдете на *www.kaercher.com*.

# Опсег на испорака

Опсегот на испорака за уредот е прикажан на амбалажата. При распакување, проверете дали содржината на пакетот е целосна. Ако недостасуваат некои додатоци или во случај на евентуално оштетување при испораката, Ве молиме известете го Вашиот дистрибутер.

# Гаранција

Во секоја земја важат гарантните услови објавени од надлежната дистрибутивна компанија. Евентуалните дефекти на Вашиот уред во периодот покриен со гаранцијата ќе ги поправиме бесплатно доколку причината за тоа е грешка во материјалот или производството. Во случај опфатен со гаранцијата Ве молиме контактирајте го вашиот дистрибутер (со сметка за купувањето) или најблискиот овластен сервисен центар.
(Адресата видете ја на задната страница)
Дополнителни информации за гаранцијата (ако се достапни) можете да најдете во одделот за сервисирање на локалната интернет страница на Kärcher во делот „Преземања“.

# Симболи на уредот




На внатрешната страна на резервоарот за свежа вода се наоѓа симбол за чистење на уредот по употреба:

- Наполнете го резервоарот за свежа вода со обична вода од чешма. Потоа целосно вметнете ја тесната млазница во отворот на резервоарот и вклучете го уредот додека во исто време го држите притиснат лостот за прскање.
  Видете и поглавје „Завршување со работење“

# Опис на уредот

Во зависност од избраниот модел, уредот е опремен со различна опрема. Конкретната опрема е опишана на амбалажата од уредот.
За слики, погледнете ја страницата со графика.

**Слика A**

1. Конектор за цревото за прскање и вшмукување
2. Резервоар за нечиста вода со поклопец
3. Резервоар за свежа вода со поклопец
4. Држач за рачката од цревото за прскање и вшмукување
5. Капаче на резервоарот
6. Прекинувач за вклучување (I(Вклучено) / O(Исклучено))
7. Рачка за носење
8. Место за складирање сунѓер, четка, кеса со детергент
9. Држач за кабел за напојување и подна млазница за прскање и вшмукување
10. Кабел за напојување
11. Црево за прскање и вшмукување и рачка со лост за прскање и копче за заклучување
12. Млазница за прскање и вшмукување за тапацири
13. Тесна млазница за прскање и вшмукување
14. * Цевки за прскање и вшмуквање 2 x 0,5 m
15. * Подна млазница за прскање и вшмукување
16. Детергент RM 519 (100 ml)

* опционално

# Прво вклучување на уредот

## Припремно чистење

***Забелешка***
*Бидејќи уредот нема функција за суво смукање, доколку е потребно, пред да чистите текстил, отстранете ја крупната нечистотија (на пример трошки) со обична правосмукалка.*

## Поврзување на цревото за прскање и вшмукување

1. Вметнете го цревото за прскање и вшмукување во конекторот за цревото за вшмукување на уредот и притиснете го додека не се прицврсти на своето место.
   - За да го отстраните, притиснете го резето и извлечете го цревото за прскање и вшмукување.
   **Слика B**
2. По потреба, монтирајте додаток. Видете поглавје *„Монтирање додатоци“.*

## Полнење на резервоарот за свежа вода

***ВНИМАНИЕ***
*Уредот вклучете го само кога се вметнати резервоарот за свежа и резервоарот за нечиста вода.*

***ВНИМАНИЕ***
*Резервоарите за свежа и за нечиста вода мора цврсто да се поставени во уредот.*

***ВНИМАНИЕ***
*Користење на несоодветни детергенти може да го оштети уредот и да доведе до губење на правото на гаранцијата.*

***Забелешка***
*Ако е потребно, користете KÄRCHER RM 519 детергент за чистење на тапацири.*

- *Во однос на дозирањето, постапувајте согласно препораките за дозирање од производителот.*
- *Се препорачува доза од околу 100 ml детергент на еден полн резервоар.*
- *Сипете го детергентот и потоа дополнете со вода до ознаката „Max“.*
- *Вкупната количина на полнење е максимум 1,7 литри.*

***Забелешка***
*Резервоарот за свежа вода може да се отстрани во секое време за да се наполни или може да се наполни директно на уредот.*

**Полнење на резервоарот за вода директно на уредот**

1 Повлечете го капачето на резервоарот нагоре и завртете го настрана. Дозирајте го детергентот согласно спецификациите и потоа наполнете го резервоарот со вода од чешма до ознаката „MAX“.

**Слика H**

2 Затворете го капачето на резервоарот.

**Отстранување на резервоарот за вода заради полнење**

1 Извлечете го резервоарот за вода вертикално нагоре држејќи го за вовлечената рачка.

**Слика I**

2 Повлечете го капачето на резервоарот нагоре, завртете го настрана и наполнете го резервоарот за вода со детергент и вода од чешма до ознаката „MAX“.

**Слика J**

или
Ослободете го поклопецот на резервоарот, отстранете го и наполнете го со детергент и вода од чешма до ознаката „MAX“.

**Слика K**

3 Затворете го капачето на резервоарот или поставете го поклопецот на резервоарот осигурувајќи се дека е цврсто поставен.
4 Вметнете го резерворот за вода надолу до дното на уредот.

## Монтирање додатоци

**Чистење теписи**

За чистење теписи користете ги цевката за прскање и вшмукување и подната млазница за прскање и вшмукување.

1 Спојте ги цевките за прскање и вшмукување една со друга и поврзете ги со цревото за прскање и вшмукување; при поврзувањето на сите делови мора да се слушне звук дека добро се прицврстиле на нивните места.

2 Притиснете ја подната млазница за прскање и вшмукување на цевката за прскање и вшмукување се додека не се слушне звук дека е добро прицврстена на своето место.

- За да ги одвоите цевките за прскање и вшмукување и подната млазнца за прскање и вшмукување, притиснете ги соодветните копчиња за отклучување и одвојте ги деловите еден од друг.
  **Слика C**
  **Слика D**

**Чистење тапацири**

Во зависност од потребата, користете ја млазницата за прскање и вшмукување за тапацири, тесната млазница за прскање и вшмукување или подната млазница за прскање и вшмукување за чистење на тапациран мебел или душеци.

- Притиснете ја млазницата за прскање и вшмукување за тапацири, тесната млазница за прскање и вшмукување или подната млазница за прскање и вшмукување на рачката од цревото за прскање и вшмукување се додека не се слушне звук дека е добро прицврстена на своето место.
- За да ја одвоите млазницата за прскање и вшмукување за тапацири, тесната млазница за прскање и вшмукување или подната млазница за прскање и вшмукување, притиснете го соодветното копче за отклучување и извлечете ги од цревото за прскање и вшмукување.
  **Слика E**
  **Слика F**
  **Слика G**

## Вклучување на уредот

### ⚠ *ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ*

***Ризик од струен удар***

*Ако кабелот за напојување не е целосно одмотан, постои опасност да го истегнете и оштетите кабелот за напојување така што ќе го прецените дометот на кабелот.*

*Секогаш целосно одмотајте го кабелот за напојување.*

1. Целосно извадете го кабелот за напојување од куката за кабел.
2. Вклучете го приклучокот за напојување во штекер.
   **Слика L**
3. Завртете го прекинувачот за вклучување во позиција I (Вклучено).
   **Слика M**
   Стартувајте ги моторот за вшмуквување и пумпата.
4. Целосно затворете го регулаторот за проток на воздух на рачката.
5. **Слика N**

# Работење

## Чистење теписи и тапацири

***Забелешка***

*Топла вода (максимум 50 °C) го зголемува ефектот на чистењето.*

***Забелешка***

*За чистење користете само RM 519 детергент од KÄRCHER.*

### *ВНИМАНИЕ*

***Опасност поради растворот за чистење***

*Ризик од оштетување*

*Пред да го користите уредот, на невоочливо место проверете ја постојаноста на бојата и отпорноста на вода на предметот кој сакате да го чистите.*

1. Наполнете го резервоарот за свежа вода со детергент и вода, видете поглавје *„Полнење на резервоарот за свежа вода“*.
2. Вклучете го уредот, видете поглавје *„Вклучување на уредот“*.
3. Изберете го потребниот додаток и притиснете го лостот на рачката за да испрскате раствор за чистење.
4. За да испрскате големи површини, прво притиснете го лостот на рачката, а потоа притиснете го копчето за заклучување**.**
   **Слика O**
5. Млазницата за прскање и вшмукување за тапацир или подната млазница за прскање и вшмукување влечете ги наназад на површината која треба да се исчисти по патеки кои се преклопуваат, не ги буткајте нанапред.
   **Слика P**

***Забелешка***

*За побрзо и поефикасно работење, подната млазница за прскање и вшмукување може да се користи и за чистење на тапациран мебел (на пример големи софи).*

***Забелешка***

*Кога канистерот за нечиста вода е полн, пловечки прекинувач го затвора отворот за вшмукување и уредот работи при поголема брзина.*

6. Веднаш исклучете го уредот и испразнете го канистерот за нечиста вода, видете поглавје *„Празнење на резервоарот за нечиста вода“*.

## Методи на чистење

### Малку / Нормално нечисто

1. Завртете го прекинувачот за вклучување во позиција I (Вклучено).
   **Слика M**
   Стартувајте ги моторот за вшмуквување и пумпата.
2. Притиснете го лостот за прскање.
   Се распрскува раствор за чистење.
   **Слика O**
3. Отпуштете го лостот за прскање и вшмукајте го остатокот од растворот за чистење.
   Ако е потребно, лостот за регулација на протокот на воздух може да се прилагоди за да се регулира моќноста на вшмукување.
   **Слика N**
4. По чистењето, исчистете го тапацирот или тепихот со чиста, топла вода и доколку сакате, импрегнирајте ги.

### Многу нечисто и дамки

1. Завртете го прекинувачот за вклучување во позиција I (Вклучено).
   **Слика M**
   Стартувајте го моторот за вшмуквуаање и пумпата.
2. Притиснете го лостот за прскање.
   **Слика O**
   Се распрскува раствор за чистење.
3. Завртете го прекинувачот за вклучување во позиција 0 (Исклучено).
   **Слика Q**
4. Оставете растворот за чистење да делува барем 5 минути.
5. Завртете го прекинувачот за вклучување во позиција I (Вклучено).
   Стартувајте ги моторот за вшмуквување и пумпата.
   **Слика M**
6. Вшмукајте го остатокот од растворот за чистење ако има.
   Ако е потребно, лостот за регулација на протокот на воздух може да се прилагоди за да се регулира моќноста на вшмукување.
   **Слика N**
7. Ако е потребно, повторете го процесот.
8. По чистењето, исчистете го тапацирот или тепихот со чиста, топла вода и доколку сакате, импрегнирајте ги.

## Завршување со работа

***Забелешка***

*За да се осигурите дека нема да остане нечистотија во цевките, вршете чистење на системот (без додавање детергенти) по секоја употреба.*

1. Завртете го прекинувачот за вклучување во позиција 0 (Исклучено).
   **Слика Q**
2. Испразнете го резервоарот за нечиста вода, видете поглавје *„Празнење на резервоарот за нечиста вода“*.

3. Наполнете го резервоарот за свежа вода со вода од чешма до ознаката „MAX“, видете поглавје *„Полнење на резервоарот за свежа вода“*.
4. Поврзете го цревото за прскање и вшмукување со тесната млазница.
5. Отворете го капачето на резервоарот и вметнете ја тесната млазница целосно во отворот.
6. Завртете го прекинувачот за напојување во позиција I (Вклучено) и истовремено притиснете и задржете го притиснат лостот за прскање на рачката.
   **Слика R**
   Процесот на плакнење е завршен штом сосема ќе се испразни резервоарот за свежа вода.
7. Завртете го прекинувачот за напојување во позиција 0 (Исклучено).
   **Слика Q**
8. Извлечете го приклучокот за напојување од штекер. Целосно намотајте го кабелот за напојување околу држачот за кабел, но без премногу да го затегате (лабаво).
   **Слика S**
9. Испразнете го резервоарот за нечиста вода, видете поглавје *„Празнење на резервоарот за нечиста вода“*.
10. Темелно исплакнете го резервоарот за нечиста вода со чиста вода.
11. Ако се извалкани, со чиста вода исплакнете го и резервоарот за свежа вода и исчистете го филтерот, видете поглавје *„Чистење на филтерот на резервоарот за свежа вода“*.
12. Одвојте ги додатоците од уредот.
13. За да ја извадите преостанатата течност од цревото за прскање и вшмукување:
   a Притиснете го копчето и отстранете го цревото за прскање и вшмукување од уредот.
   **Слика B**
   b Притиснете го лостот на рачката и дозволете течноста да истече.

***Забелешка***
*За да овозможите течноста целосно да се исуши, не го намотувајте цревото за прскање/вшмукување околу уредот за да се суши.*
***Забелешка***
*За да избегнете формирање на локви во станбениот простор (на пример на тепих, паркет), оставете преостанатата течност да истече во соодветен сад (на пример лавабо, кофа).*

14. Исплакнете ги млазниците за перење со вода од чешма и оставете уредот да се исуши заедно со другите додатоци.
15. Складирајте го уредот во „позиција за сушење“ (со поклопците на двата резервоара малку подотворени за да може евентуалната преостаната течност да се исуши без да остава остатоци).

### Празнење на резервоарот за нечиста вода

1. Извлечете го резервоарот за нечиста вода вертикално нагоре држејќи го за вовлечената рачка.
   **Слика T**
2. Отклучете ги двете странични капачиња на резервоарот, отстранете го капачето на отворот за полнење и отстранете ја нечистата вода.
   **Слика U**
3. Кога продолжувате со чистење: повторно поставете го капачето на отворот за полнење, осигурувајќи се дека е цврсто поставено. Вметнете го резервоарот за нечиста вода до дното на уредот.
4. Кога сте завршиле со чистење: Складирајте го уредот во „позиција за сушење“ (капачето на отворот за полнење е млаку подотворено и евентуална преостаната течност може да се исуши без да остави остатоци).

### Складирање на уредот

1. Прикачете ја млазницата за прскање и вшмукување со држачот на додатоци на држачот за кабел.
2. Замотајте го цревото за прскање и вшмукување околу уредот.
3. Прикачете ја рачката/цревото од цревото за прскање и вшмукување на држачот за додатоци на страницата од уредот со помош на гумената лента. Внимавајте на правилната насока на замотување за да рачката или цревото можат да бидат прикачени со гумената лента.
   **Слика Y**
4. Уредот складирајте го во сува просторија заштитена од мраз.

## Транспортирање

### ⚠ *Претпазливост*

***Ризик од повреда и оштетување!***
*Повреда или оштетување поради игнорирање на тежината. Имајте ја предвид тежината на уредот при транспортирање и складирање.*

### Рачно транспортирање

1. Подигнете и носете го уредот држејќи го за рачката за носење.

### Транспортирање во возила

1. Обезбедете го уредот од лизгање и превртување.

## Грижа и сервисирање

### Општи упатства за грижа

- Уредот и пластичните делови на додатоците исчистете ги со општо достапно средство за чистење пластика.
- По потреба, исплакнете го канистерот и додатоците со вода и исушете ги пред повторна употреба.

### Чистење на поклопецот на резервоарот за нечиста вода и сепараторот

***Забелешка***
*2 решетки се монтриани на внатрешната страна на поклопецот на резервоарот за нечиста вода (на сепараторот). Ако решетките се мокри или нечисти, пловката може да не префрла правилно или уредот може да се исклучи премногу рано.*
*Затоа, осигурете се дека решетките се чисти и суви за време на работењето.*

1. Отстранете го резервоарот за нечиста вода од уредот, видете поглавје *„Празнење на резервоарот за нечиста вода“*
2. Отстранете го поклопецот од резервоарот и отстранете го сепараторот.
3. Внимателно исчистете ги поклопецот на резервоарот и сепараторот со влажна крпа.
4. Внимателно остранете ја влагата со сува крпа.
   **Слика V**
5. Спојте ги поклопецот на резервоарот и сепараторот, прицврстете ги за резервоарот и поставете ги назад во уредот.

### Чистење на млазницата за прскање

***Забелешка***
*Ако млазот на прскање е нерамномерен, млазницата за прскање на додатокот за прскање и вшмукување може да е оштетен од остатоци и ќе биде потребно да се исчисти.*

1. За да ја исчистите подната млазница за прскање и вшмукување и млазницата за прскање и вшмукување за тапацири, олабавете го држачот на млазницата така што ќе го завртите и отстранете го заедно со млазницата.

***Забелешка***
*Чувајте го О-прстенот/прстенот за заптивање на безбедно место и повторно вметнете го по чистењето.*

**Слика X**

2. Исчистете ги остатоците во млазницата за прскање под проточна вода.
3. Монтирајте ги млазницата за прскање и прстенот за заптивање во држачот за млазницата и завртете за повторно да ги прицврстите.
4. Исто така исчистете ги остатоците во млазницата за прскање од тесната млазница за прскање и вшмукување под проточна вода.

## Чистење на филтерот на резервоарот за свежа вода

***Забелешка***
*На дното на резервоарот за свежа вода е поставен филтер, на кој може да се наталожат честички нечистотија и да го попречат протокот на вода. Затоа препорачуваме редовно да го чистите филтерот.*
***Забелешка***
*За да го исчистите филтерот, резервоарот за свежа вода мора да биде празен и отстранет од уредот.*

1. Отклучете и отстранете го поклопецот на резервораот, видете поглавје „Полнење на резервоарот за свежа вода“
2. Темелно исплакнете го филтерот со вода или внимателно исчистете го со мека четка.
   **Слика W**
3. Затворете го поклопецот на резервоарот и осигурете се дека е цврсто поставен на своето место.

# Водич за решавање проблеми

**Слаба моќност на вшмукување**

Регулаторот за проток на воздух е премногу широко отворен.

- Затворете го регулаторот за проток на воздух.

Додаток, цревото за вшмукување или цевките за вшмукување се затнати.

- Отстранете ја блокадата.

Решетките на поклопецот на резервоарот за нечиста вода се нечисти или влажни.

- Исчистете/исушете ги решетките.

Садот за нечистотија не е правилно поставен.

- Притиснете го садот за нечистотија надолу.

**Не излегува вода од млазницата**

Резервоарот за свежа вода е празен

- Наполнете го резервоарот за чиста вода.

На филтерот за свежа вода има нечистотија.

- Исчистете го филтерот за свежа вода.

Неправилно поврзување помеѓу додатокот и цревото за прскање и вшмукување.

- Воспоставете правилно поврзување.

Има дефект на пумпата за детергент.

- Побарајте поправка од овластен сервис.

**Нерамномерен млаз за прскање**

Млазницата за прскање на додатокот за прскање и вшмукување е нечиста.

- Исчистете ја млазницата за прскање на соодветниот додаток.

**Уредот станува побучен и повеќе не ја вшмукува нечистата вода**

Решетките на резервоарот за нечиста вода се нечисти или мокри.

- Исчистете/исушете ги решетките.

# Технички податоци

| | | |
|---|---|---|
| **Електрично поврзување** | | |
| Фреквенција | Hz | 50-60 |
| Напон | V | 220-240 |
| Осигурувач за струја (со бавно дејство) | A | 10 |
| Номинална моќност | W | 500 |
| **Податоци за перформансите на уредот** | | |
| Максимална количина на полнење свежа вода | l | 1,7 |
| Максимална количина на полнење на нечиста вода | l | 2,9 |
| Максимална температура на растворот за чистење (T во max.) | °C | 50 |
| **Димензии и тежини** | | |
| Тежина (без додатоци) | kg | 4,1 |
| Должина x ширина x висина | mm | 440x230 x260 |

| **Определени вредности во согласност со EN 60704-2-1** | | |
|---|---|---|
| Ниво на звучен притисок | dB(A) | 83 |

Подложно на технички измени.